## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 5
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 1 - основи на користење компјутер и друга ИТ
**Наставна содржина:** Апликативен софтвер
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да знае што е апликативен софтвер, да прави разлика помеѓу оперативен систем и апликативен софтвер
**Очекувани резултати:** Објаснува што е апликативен софтвер, објаснува како се дели апликативниот софтвер, набројува примери за апликативен софтвер, објаснува што е разлика помеѓу оперативен систем и апликативен софтвер
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на практична работа
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, набројува примери за апликативен софтвер

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Учениците повторуваат сѐ што учеле досега за хардвер и софтвер. Како се дели хардверот, за што служи софтверот и како се групира.
**Учечко - поучувачки активности:** Објаснуваат што е оперативен систем и какви задачи се поставуваат пред него.
Заеднички ги утврдуваме стекнатите знаења за софтвер, кој освен оперативен систем, може да биде и апликативен софтвер.
**Апликативен софтвер** се користи за извршување на специфична задача. Минатата учебна година изучувавме за програми со кои се внесува текст во компјутерот, програма за правење мултимедијални презентации и програми кои се нарекуваат веб - прелистувачи. Тие програми се примери за апликативен софтвер.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Набројуваат кој тип на апликативен софтвер им е познат. Очекуван одговор: програми за обработка на текст, програми за цртање, веб – прелистувачи, едукативни програми, игри, програми за комуникација по Интернет и други.
**Активности за евалуација:** Повторуваме што е апликативен софтвер и за што се користи.

obrazovanie.literatura.mk